International Labour Organization

Организација на работодавачи на Македонија

Бизнис конфедерација на Македонија

# Влијанието на КОВИД-19 врз претпријатијата во Северна Македонија



International
Labour
Organization

Организација на работодавачи на Македонија

Бизнис конфедерација на Македонија

# Влијанието на КОВИД-19 врз претпријатијата во Северна Македонија

Автор: Македонија2025

Мај 2020 година

Copyright © International Labour Organization 2020

Прво издание 2020

Фотографија на корица: Photo © iStock

Изданијата на Меѓународната канцеларија на трудот се предмет на авторски права врз основа на Протокол 2 на Универзалната конвенција за авторски права. Меѓутоа, кратки извадоци може да се репродуцираат без одобрение, под услов да се наведе изворот. Барањето за права за репродукција или превод треба да се поднесе до ILO Publications (Rights and Licensing), International Labour Office, CH-1211 Geneva 22, Switzerland или на следната електронска пошта: rights@ilo.org. Меѓународната канцеларија на трудот ги поздравува таквите барања.

Библиотеките, институциите и другите корисници што се регистрирани кај поврзаните Организации за права за репродукција, може да прават копии во согласност со лиценците што им се издадени за таа намена. Посетете ја www.ifrro.org за да најдете организација за права за репродукција во вашата земја.

ISBN 9789220325759 pdf

Ознаките што се користат во изданијата на МОТ, што се во согласност со практиката на Обединетите нации, и презентацијата на материјалот содржан во нив не подразбираат изразување на какво било мислење од страна на Меѓународната канцеларија на трудот во врска со правниот статус на која било земја, област или територија, на нејзините власти или во врска со нејзините граници.

Одговорноста за ставовите што се изнесени во потпишаните статии, студии и останати прилози ја сносат исклучиво нивните автори, а изданието не претставува одобрување од страна на Меѓународната канцеларија на трудот за изнесените мислења.

Упатувањата до називи на фирми и комерцијални производи и процеси не повлекуваат нивно одобрување од страна на Меѓународната канцеларија на трудот, а секое неспомнување на некоја конкретна фирма, комерцијален производ или процес не е знак на неодобрување.

Информации за изданијата и електронските производи на МОТ може да се најдат на: www.ilo.org/publns.

International Labour Organization

Овој извештај е изготвен во рамки на проектот Зајакнување на социјалниот дијалог, кој е финансиран од Европската Унија, а го спроведува Меѓународната организација на трудот.

Овој документ е подготвен со финансиска поддршка од Европската Унија. Содржината е целосна одговорност на авторот и не го одразува ставот на Европската Унија и на Меѓународната организација на трудот.

## Содржина

Список со скратеници....4
Извршно резиме....5
1. Вовед....7
2. Заднина и дескриптивна анализа....9
3. Влијание на кризата предизвикана од КОВИД-19 врз претпријатијата....13
4. Владина поддршка за претпријатијата....23
5. Препораки за политиките....26
Прилог: Мерки за политики донесени во Северна Македонија....30

# Список со скратеници

| | |
|---|---|
| БКМ | Бизнис конфедерација на Македонија |
| МОТ | Меѓународна организација на трудот |
| ММСП | Микро, мали и средни претпријатија |
| ЕБОР | Европска банка за обнова и развој |
| ОРМ | Организација на работодавачи на Македонија |

# Извршно резиме

**Во период на несигурност и со недоволно официјални податоци за степенот на деловни загуби и прекини за македонските претпријатија, Организацијата на работодавачи на Македонија (ОРМ) и Бизнис конфедерацијата на Македонија (БКМ), со поддршка од Меѓународната организација на трудот (МОТ), и во соработка со Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), спроведоа заедничка анкета. Целта беше да се соберат докази за влијанието на пандемијата врз работењето и отпорноста на претпријатијата, како и да се идентификуваат соодветни мерки за поддршка кои би биле најкорисни за да можат претпријатијата да ја надминат кризата**.

**Кризата предизвикана од КОВИД-19 сериозно влијаеше на околу 82 проценти од анкетираните претпријатија, кои пријавија значителни финансиски загуби и привремен прекин на нивното деловно работење**. Околу 43 проценти од анкетираните претпријатија се соочиле со намалување на нивните приходи за повеќе од 50 проценти, додека 11 проценти привремено ги затвориле претпријатијата. Микро претпријатијата прикажале најголема ранливост, 50 проценти од микро претпријатијата пријавиле преполување на нивните приходи, а 19 проценти пријавиле затворање на бизнисот. Иако големите претпријатија покажуваат поголема отпорност (ниедно не пријавило привремено затворање), голем дел од нив (48 проценти) сепак се соочиле со пад на приходите над 50 проценти. Најголемиот дел претпријатија кои пријавиле пад на приходите работат во секторите погодени од забраната на Владата за работење и полицискиот час, посебно транспортот, услугите за складирање, сместувањето и прехранбените услуги; градежништвото, трговијата и професионалните, научните и техничките дејности. Претпријатијата идентификуваа неколку заеднички предизвици кои влијаат на нивното деловно работење, вклучително и пад на побарувачката за производи и услуги (45 проценти), ослаба доверба во партнерите од синџирот на снабдување (38 проценти), и прекини во наоѓање суровини (35 проценти). Овие предизвици главно влијаеле на профитабилноста и обртот на претпријатијата (90 проценти), по што следи намалување на продуктивноста и неможност да се остварат целите на деловното работење за 2020 година (78 проценти).

**За да се ублажат последиците од пандемијата и да се одржи работната сила, сите анкетирани претпријатија презеле мерки за прилагодување на нивното деловно работење**. Најшироко користени мерки што се примениле се намалувањето на работните часови (69 проценти), платеното отсуство за вработените (43 проценти), промените во организацијата на работењето (28 проценти), организирање на пристапот за клиентите и/или добавувачите (28 проценти), и спроведување на иновативни решенија (на пример е-трговија). Анализата по сектор покажува дека 80 проценти од претпријатијата во градежништво и трговија пријавиле дека ги намалиле работните часови поради полицискиот час и намалувањето на побарувачката за услуги/производи. И покрај сите преземени мерки за задржување на работната сила, околу 9 проценти од анкетираните претпријатија морале да отпушат некои работници. Големите и малите претпријатија се први во редот претпријатија кои отпуштиле работници (11 проценти), додека микро и малите претпријатија отпуштиле помал процент од својата работна сила (7 проценти и 8 проценти соодветно). Од овие претпријатија, 10 проценти отпуштиле 1-10 проценти од своите работници, додека 4 проценти отпуштиле значителен процент на работници (над 40 проценти).

**Значителен број на претпријатија се соочуваат со ризик од затворање во блиска иднина**. Околу 15 проценти од анкетираните претпријатија не работеа во периодот на спроведување на анкетата, додека 41 процент работеа со намален капацитет. Останатите 44 проценти

работеа или на нивната локација (29 проценти) или од далечина (15 проценти). Сепак, ако тековната состојба продолжи, околу 50 проценти од анкетираните претпријатија укажаа дека не би можеле да преживеат после третото тромесечје од 2020 година. Микро и малите претпријатија покажуваат најслаба издржливост со тоа што повеќе од 50 проценти од микро претпријатијата и 57 проценти од малите претпријатија укажале дека нивниот бизнис не би можел да преживее повеќе од три месеци. По сектори, претпријатијата кои работат во градежништво, транспорт, сместување и храна, и професионални, научни и технички дејности се најмалку отпорни на кризата, со тоа што околу 60 проценти од анкетираните предвидуваат дека нивниот деловен континуитет ќе престане после 3 месеци. Помалку од половина (47 проценти) од анкетираните претпријатија имаат сопствени средства или пристап до надворешни финансии кои би можеле да им помогнат во закрепнувањето. Има голема разлика според големината на претпријатијата, со тоа што само 37 проценти од микро и малите претпријатија имаат пристап до надворешно финансирање, во споредба со 70 проценти од средните и 78 проценти од големите претпријатија.

**Иако владините мерки за поддршка се навремени, критериумите за квалификуваност за аплицирање за таквата поддршка треба да се поинклузивни**. Во просек, 46 проценти од анкетираните претпријатија аплицирале за владина поддршка. На прашањето да ги потенцираат трите најкорисни форми на владина поддршка во рамките на веќе-одобрените пакети, околу 48 проценти од претпријатијата го истакнале одложувањето и/или ослободувањето од даночни плаќања; други 49 проценти го обележале пристапот до заеми по поволни услови. Пристапот до субвенционирани заеми е популарен меѓу микро и малите претпријатија (50 проценти). И малите и средните претпријатија сметаат дека даночното олеснување е мошне корисно во тековната ситуација. Значителен удел (над 40 проценти) од средните и големите претпријатија укажале на потребата од поголема флексибилност во работните односи. Анкетираните претпријатија оспорија некои од критериумите за квалификуваност за владината поддршка, посебно барањето да се задржи истиот број на вработени до септември 2020 (45 проценти), обврската да не се намалуваат платите и критериумот да се има загуба на приходите од најмалку 30 проценти во споредба со просекот во 2019 година (36 проценти и за двата критериума). Со последниот критериум можно е да се исклучат компании кои инвестирале големи средства во 2019 година и очекувале пораст на приходите во 2020 година.

**На претпријатијата им се потребни понатамошни владини шеми за поддршка во согласност со нивните конкретни потреби и функционални државни институции коишто ќе им овозможат подобро справување со кризата и побрзо закрепнување**. Наодите од анкетата претставуваат солидна основа за предлагање владини мерки и активности за поддршка на претпријатијата. Главните препораки вклучуваат: натамошно зголемување на достапноста на заемите за ликвидност; проширување и поголемо вклучување во програмите за субвенционирање на плати; побрзо враќање во нормала во однос на административните функции и услуги потребни за поддршка на претпријатијата (за што може да е потребно вложување во дигитални решенија); како и поразновидни и одлучни владини мерки за поддршка на економијата. Конечно, претпријатија ги повторија своите барања за подобра деловна средина што постојат уште пред пандемијата. Тие барања вклучуваат праведни и функционални системи со ефективна јавна администрација, засилено владеење на правото, и дополнително намалување и повторно оценување на потребата за голем број парафискални давачки.

# 1. Вовед

Започна како здравствена криза, далеку од Европа и Северна Македонија, но КОВИД-19 брзо доведе до глобална економска криза. Берзите крахираа, цената на нафтата падна нагло, производството запре, фабриките и продавниците почнаа да се затвораат, а пазарите на трудот беа нарушени. Кризата ги погоди претпријатијата, иако со различна брзина и во различна мера. Некои сектори особено страдаа поради мерките за спречување и ширење на КОВИД-19 што доведоа до безбедносни мерки за изолација и ограничено движење, имено, ресторанite, образовните институции, туризмот и транспортот. Понатаму, она што дополнително ја влошува состојбата е големата неизвесност за иднината. Светската трговија опаѓа, многу земји ги затворија нивните граници за странски државјани, и се направија значителни напори за да се избегне поголем застој  во протокот на стоки.

Иако сѐ уште е тешко да се проценат ефектите од кризата врз економијата, јасно е дека ќе продолжи потребата од големи владини интервенции за да се задржи барем минимално ниво на економска активност, да се избегнат масовни отпуштања и да се обезбеди поддршка за системите на социјална заштита. Како и во останатите земји во светот, Владата на Република Северна Македонија презеде одредени антикризни мерки како одговор на шоковите врз македонската економија и претпријатија, фокусирајќи се на оние сектори што беа први и директно погодени од кризата (угостителство, туризам, транспорт, итн.).

Владата воспостави таканаречен Економски совет, составен од претставници од поголемите стопански комори, од организациите на работодавачи, академската заедница и неколку поголеми компании (вклучувајќи странски инвеститори), како и владини претставници, вклучително и Премиерот, Заменик-премиерот за економски прашања и Министерот за финансии. Советот немаше овластување да носи одлуки, туку само консултативна улога. Понатаму, Советот немаше големо влијание при дизајнирањето на првиот и вториот пакет-мерки. Економско-социјалниот совет, исто така, одржа седница на која се дискутираше за состојбата со КОВИД-19.

Досега, Владата објави два пакет-мерки за борба против кризата предизвикана од КОВИД-19. Првиот пакет-мерки беше насочен кон најтешко погодените сектори (пред сѐ, поради затворањето или ограничувањето на патувањето), а вториот пакет беше повеќе инклузивен и отворен за сите компании што се соочија со намалување на приходите над 30 проценти. Поддршката (од двата пакет-мерки) е структурирана во 25 мерки, а некои од нив содржат подмерки. Интернет страницата што ја води Владата, нуди детален опис на секоја мерка и подмерка.[1]

Во Прилогот кон овој извештај мерките се групирани во 4 групи:

1. Пакети за економска поддршка за стимулирање на економијата (фискална и монетарна политика)
2. Поддршка за одредени сектори, претпријатија и задржување на работните места;
3. Мерки за заштита на работниците;
4. Други мерки.

1 https://koronavirus.gov.mk/en/governments-measures/economic-measures-of-the-government,

Иако овој пакет за борба против кризата беше добредојден за сите, тој се соочи со одредени критики:

1. Финансиската поддршка и субвенциите што им беа понудени на претпријатијата беа за април и мај, додека некои сектори претрпеа штети уште од почетокот на март.
2. Нема надоместок за загубите што претпријатијата ги претрпеа поради владината одлука да им се дозволи на некои работници (хронично болни лица и лица со деца на возраст до 10 години) да останат дома. Иако владата им дозволи на тие работници да останат дома, претпријатијата, сепак, требаше самите да им исплатат цела плата.
3. Понудените заеми за ликвидност беа премногу мали за некои претпријатија (на пример, просечниот износ беше 16.500 евра, а вкупната поддршка е 5,7 милиони евра, што значи дека доделените средства ќе им послужат на околу 345 друштва).
4. Некои беа загрижени околу транспарентноста и текот на информации. Има голем временски интервал меѓу објавувањето на мерки и издавањето на владината одлука за мерките каде што се прецизираат деталите за критериумите и правилата за квалификуваност или барањата за секоја мерка. Тоа создаде неизвесност. Понатаму, некои барања беа променети преку ноќ, очигледно на ад хок основа.[2]

Во моментот на финализирање на овој извештај, Владата го објави третиот пакет мерки. Иако очекувањата беа дека овој пакет ќе се фокусира на дополнителна поддршка за претпријатијата (пред сè, за фазата на закрепнување), објавениот пакет (од 355 милиони евра во случај на целосно спроведување и искористување) се фокусира на обезбедување дополнителна поддршка и приход пред сè за посиромашните граѓани.[3] Овие мерки вклучуваат: ваучери за невработени и за лица со помали приходи кои можат да се искористат за купување македонски производи; поддршка за студентите и младите лица во форма на грантови за образование што опфаќаат трошоци за сместување во студентски домови; 20 % повисоки плати за два месеци за медицинскиот персонал вклучен во борбата против пандемијата, викенд без ДДВ за да се стимулира потрошувачката;[4] поддршка за ММСП во земјоделскиот сектор за зголемување на производството и извозот на производи, како и грантови за консолидација на земјиштето. Во времето на изготвувањето на овој извештај, немаше детални упатства како ќе се спроведуваат овие мерки.

---

2 На пример, Владата првично утврди дека работодавачите треба да го задржат истиот број вработени што го имале на денот на добивање на поддршката (субвенции на плата) четири месеци по денот на завршување на поддршката (односно, до септември 2020 година). Потоа, тој период се промени на два месеци.

3 https://vlada.mk/node/21431

4 https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/covid/18052020_prezentacija_3_set_merki_mk.pdf

## 2. Заднина и дескриптивна анализа

Во средина на неизвесност и недостиг на официјални податоци за големината на загубите на претпријатијата поради пандемијата, македонските организации на работодавачи, со поддршка од МОТ, спроведоа анкета, со две цели:

i. да соберат повеќе докази за ефектите на пандемијата предизвикана од КОВИД-19 врз работењето на претпријатијата и нивната отпорност;

ii. да се идентификуваат мерки за поддршка што би биле најкорисни за претпријатијата да ги надминат овие тешки времиња (заедно со оцена на тековните понудени антикризни пакети на Владата).

Анкетата беше спроведена во периодот меѓу 8 април 2020 и 11 мај 2020 година. Целта беше да се соберат околу 300 одговори (приближно 0,4 проценти од сите активни претпријатија). Беа доставени вкупно 315 одговори, а 288 од нив беа целосни. Анализата се заснова врз целосните одговори, со оглед на тоа дека останатите одговори најчесто завршуваа по прашањата кои се однесуваа на описот на деловниот субјект. Целта на анкетата не беше таа да биде репрезентативна во чисто статистичка смисла, туку нејзината цел беше да се соберат колку што е можно повеќе одговори. Анкетата беше спроведена во електронска форма преку неколку канали. Организацијата на работодавачи на Македонија, како репрезентативна организација на работодавачите и дел од Економско-социјалниот совет, и Бизнис конфедерацијата на Македонија, кои се главните корисници на анализата, ја дистрибуираа анкетата меѓу нивните членови. Партнер на МОТ за оваа иницијатива во Северна Македонија, како и на регионално ниво, беше ЕБОР. Исто така, онлајн анкетата беше објавена на социјалните медиуми преку соработникот во нејзиното спроведување (Македонија 2025).

Подолу се претставени главните наоди на анкетата врз основа на 288 целосни одговори. Анализата започнува со описни податоци за деловниот субјект што одговарал на анкетата. Потоа, детално се испитува влијанието на пандемијата предизвикана од КОВИД-19 врз претпријатијата и завршува со оцена на владините мерки за поддршка и идеи и препораки кои мерки би биле најкорисни за претпријатијата. Иако анкетата собираше квантитативни податоци преку затворени прашања, таа нудеше можност за работодавачите/претпријатијата да додадат нивни коментари и подетално да ја објаснат нивната ситуација или предлози.

На Слика 1 се покажува дека поголем број од претпријатијата вклучени во студијата се од Скопје (67,4 проценти), што е очекувано со оглед на големата концентрација на деловна активност во главниот град. Вредноста според која градовите се вклучени во графиконот е поставена на 2 проценти, што значи дека само оние градови што се претставени со повеќе од 2 проценти во севкупниот примерок се прикажани поединечно. Распределбата на анкетираните претпријатија по локација се чини разумна, покажувајќи повисока зачестеност на одговорите во поголемите градови во земјата, како и поголемите индустриски градови (на пример, Кавадарци, каде што се концентрирани неколку поголеми производствени претпријатија). Тоа влева доверба во „соодветноста“ на примерокот на испитаници.

**Слика 1 Распределба на претпријатијата по локација (град)**




*Извор: Анкета на претпријатијата.*

Поголемиот број од анкетираните претпријатија (38 проценти) се микро претпријатија со 1-9 вработени (Слика 2). ММСП дале 91 проценти од сите одговори. Ова е слично на севкупната распределба на претпријатијата според големината во земјата. Сепак, големите компании се повеќе претставени во примерокот, бидејќи нивниот удел во вкупниот број претпријатија во 2018 година изнесувал 0,3 проценти. Како што покажуваат наодите подолу, степенот на влијанието на кризата малку се разликува во однос на големината на претпријатието.

**Слика 2 Распределба на претпријатијата по големина**




*Извор: Анкета на претпријатијата.*

Меѓу испитаниците доминираат претпријатијата во домашна сопственост со 90 проценти (Слика 3).

**Слика 3 Распределба на претпријатијата според сопственичка структура**




*Извор: Анкета на претпријатијата.*

Ако се анализираат според сектор на дејност, повеќето од претпријатијата припаѓаат на трговијата на големо и мало (24 проценти), по што следува производството (храна, пијалаци, облека, тутун, дрво и хартија) (видете Слика 4). Производниот сектор, сѐ на сѐ, е претставен со 31 проценти од сите анкетирани претпријатија. Меѓутоа, извештајот понатаму прави диференцијација на потсектори во рамките на производството за да може да ги опфати потенцијалните различни ефекти на кризата предизвикана од КОВИД-19 врз различни потсектори во рамките на производството.

**Слика 4 Распределба на претпријатијата по сектори**




*Извор: Анкета на претпријатијата.*

Тука се дадени одделни податоци по сектор, но, само за оние сектори за кои има повеќе од 15 претпријатија вклучени во анкетата.[5] Тоа исклучува три сектори: Производство (друго), Јавна администрација и Уметност и други дејности. Заради тоа и анализата на секторот градежништво исто така треба да се разгледува со претпазливост.

Од претпријатијата вклучени во анкетата беше побарано да наведат три главни предизвици со кои се соочувале уште пред КОВИД-19, за да може да се види дали пријавените негативни ефекти на КОВИД-19 биле поврзани само со пандемијата или истите проблеми биле присутни дури и пред кризата предизвикана од КОВИД-19. Најголемиот проблем што го пријавиле околу 49 проценти од претпријатијата бил недостапноста на квалификувани работници или искусни раководители. Потоа следува сивата економија/нелојалната конкуренција (38 проценти од претпријатијата) и наоѓањето клиенти (27 проценти). Трошоците на производството - вклучувајќи ја работната сила, пристапот до финансии и нискиот квалитет на услугите на јавната администрација - се останатите поголеми предизвици со кои претпријатијата се соочуваат.

**Слика 5 Најголемите проблеми за претпријатијата пред почетокот на пандемијата на КОВИД-19**




*Извор: Анкета на претпријатијата.*

Покрај претходно понудените одговори, претпријатијата навеле некои од предизвиците со кои се соочувале пред кризата, вклучувајќи високи банкарски провизии и трошоци; проблеми со законодавството поврзано со сметководството (недостиг на волја од страна на Министерството за финансии да ги спроведе сугестиите на Организацијата на сметководители); доцнење со плаќањата (што е широко распространето) и недостаток на мониторинг и инспекции за спроведувањето на законодавството.

5 Тоа е арбитрарна одлука на истражувачкиот тим. Веруваме дека тоа е минималниот број фирми што може да гарантира барем одредено ниво на репрезентативност за секторот.

# 3. Влијание на кризата предизвикана од КОВИД-19 врз претпријатијата

Во овој дел се разгледува колкаво е влијанието и кои се каналите преку кои сегашната здравствено-економска криза ги погодила претпријатијата во Северна Македонија.

Поголем број на претпријатијата (82 проценти) се значително погодени од пандемијата, со загуби на приходите поголем од 20 проценти. Значителен дел од анкетираните претпријатија (43 проценти) пријавиле дека пандемијата значително ги намалила нивните приходи за 50 проценти или повеќе (Слика 6). За дополнителни 28 проценти, приходите се намалиле за 20-50 проценти, додека 11 проценти привремено ги затвориле претпријатијата. Наспроти тоа, околу 3 проценти од анкетираните претпријатија пријавиле зголемување на приходите, а за 10 проценти од нив, падот на приходите бил многу мал. Длабинските интервјуа со претпријатијата покажаа дека кризата на различен начин ги погодила различните сектори или претпријатија: додека за некои тоа било комбинација на шокови и во побарувачката и во понудата, за други, пак, бил шок или во побарувачката или во понудата. Шокот на понудата дојде, пред сè, од Кина (и беше почувствуван веќе на почетокот на март), додека шокот на побарувачката е и домашен (намалена потрошувачка на одредени производи/индустрии) и надворешен, што се должи на пониската потрошувачка во Западна Европа. Понатаму, додека кај некои индустрии/претпријатија, кризата беше веднаш почувствувана и се очекува да се намали на краток или среден рок, за други, таа ќе трае подолго и на есен се очекува нов негативен шок во побарувачката (на пример, текстилната индустрија за сезоната есен/зима), и секако за трајните добра. На светско ниво, неизвесно е колку рецесијата ќе биде длабока и колку долго таа ќе трае, но исто така, и како ќе изгледа закрепнувањето. Брзината на закрепнувањето најверојатно ќе се разликува во различни индустрии и може да биде во различен облик (V-облик, W-облик, L-облик, U-облик). Оние претпријатија (3 проценти од испитаниците) што пријавиле зголемување на приходите се присутни во различни сектори на економијата, и се разликуваат според нивната големина (но, доминантно се средни претпријатија). Длабинските интервјуа со претпријатијата покажаа дека некои од овие претпријатија се извозници.

**Слика 6 Влијанието на КОВИД-19 врз приходите на претпријатијата**




*Извор: Анкета на претпријатијата.*

Намалувањето на приходите се разликува според големината на претпријатијата. Како што е прикажано на Слика 7, микро-претпријатијата се најмногу погодени од кризата: 19 проценти од нив изјавиле дека ги затвориле своите претпријатија. Слично, најголемиот дел од микро-претпријатијата (50 проценти) доживеале драматично намалување на нивните приходи за повеќе од половина во споредба со периодот пред КОВИД-19. Иако поголемите претпријатија покажуваат поголема отпорност (ниту едно од нив не престанало привремено да работи), сепак, голем дел од нив (48 проценти) се соочиле со намалување на приходите за повеќе од 50 проценти.

**Слика 7 Влијанието на КОВИД-19 врз приходите, според големина на претпријатијата (%)**




*Извор: Анкета на претпријатијата.*

Општо земено, сите економски сектори пријавиле намалување на приходите во просечен износ поголем од 36 проценти. Секторската анализа покажува дека транспортот, услугите за складирање, сместувањето и прехранбените услуги биле најмногу погодени од кризата, што е очекувано со оглед на тоа дека повеќето дејности во овој сектор биле сериозно засегнати од безбедносните мерки на изолација и ограничено движење, уште од половината на март. Околу 59 проценти од анкетираните претпријатија од овој сектор пријавиле пад на приходите поголем од 50 проценти, а 25 проценти целосно затвориле. Понатаму, 76,6 проценти од претпријатијата во професионалните, научните и техничките дејности пријавиле големо намалување на приходите од над 50 проценти (53,3 проценти) или затворање (23,3 проценти). Кризата многу негативно ја погодила метало-преработувачката индустрија. По транспортот и сместувањето, секторот градежништво пријавил најмногу затворања на претпријатија, и 13 проценти изјавиле дека не работеле во времето на спроведување на анкетата. Само во два сектори - Производство на храна, пијалаци, облека, тутун и дрво и хартија и секторот трговија на големо и мало – има претпријатија што пријавиле зголемени приходи (9 проценти и 7 проценти, соодветно). Тоа е во согласност со очекувањата, бидејќи најголем дел од граѓаните ја зголемија потрошувачката на неопходните производи (пред сѐ, храна) и во првите недели од кризата, трговците на мало имаа зголемена продажба (ограничена на одредени производи). Тоа беше потврдено во интервјуата, но и некои од првите статистички податоци го докажаа истото. На пример, мартовските податоци евидентираат пад на трговија на мало за 4,6 проценти (во споредба со претходната година), а во трговијата на мало со непрехранбени производи има пад од 12,7 проценти, додека трговијата на мало со храна, пијалаци и тутун бележи раст од 3,5 проценти.

Отвореното прашање каде претпријатијата требаше подетално да одговорат на претходното прашање даде дополнителен увид (повеќето од нив беа поткрепени со длабински интервјуа). Претпријатијата изјавиле дека ја почувствувале кризата уште на почетокот на март (10 март). На почетокот, имале проблеми со набавката, пред сè, суровини што доаѓаат од Кина, а за кратко време тоа се однесувало на сите суровини и други стоки што биле нарачани од Северна Италија (на пример, текстилната индустрија и производството, генерално). Исто така, транспортот и логистиката за кратко време станале бавни и претпријатијата се соочиле со проблеми во тој однос, но, за среќа, состојбата брзо се подобрила делумно поради владините напори (и регионалната иницијатива) да се забрза прекуграничниот транспорт. Од друга страна, некои испитаници имаа позитивен став за царината и како таа се справила со севкупната ситуација. За оние претпријатија што продолжиле да работат нормално, или скоро нормално, главен проблем биле контактите со јавната администрација на централно и на локално ниво. Речиси за сите претпријатија, поголеми нарушувања на производниот процес или обезбедувањето услуги настанале поради владината одлука да им се дозволи на родителите на мали деца (на возраст до 10 години) и хронично болните лица да останат дома (отсуството го плаќаат работодавачите). Некои претпријатија пријавиле отсуство на работниците и над 30 проценти поради оваа владина мерка, како и злоупотреба на мерката (на пример, работниците пријавувале хронични болести како астма првпат откако биле вработени). Полицискиот час, што понекогаш беше многу рестриктивен (траеше до 4 дена) исто така предизвикал оперативни проблеми за претпријатијата, особено за оние во градежништвото. Исто така, претпријатијата пријавиле намалување на платежната дисциплина и растење на заостанатите долгови од приватниот сектор и од Владата. Владата олабави некои од рестрикциите на почетокот на мај, со строго пропишани протоколи. Тоа беше позитивно прифатено од страна на претпријатијата, но беше тешко да се почитуваат одредени правила. На пример, на претпријатијата им беше дозволено да организираат превоз за нивните вработени до фабриките, но под услов превозното возило да биде само половина полно, и да има растојание од 2 метри меѓу патниците. Владата го олесни ова барање, бидејќи е речиси невозможно да се исполни.

Околу 29 проценти од претпријатијата продолжиле со редовното работење на вообичаен начин (видете Слика 8). Околу 15 проценти од претпријатијата во Северна Македонија сè уште работат (во времето на спроведување на анкетата), но воведе нови аранжмани (вклучувајќи работа на далечина); 41 проценти од испитаниците делумно работеле, а 15 проценти не работеле. Податоците според големината на претпријатието покажуваат дека најголема веројатност за затворање имаат микро-претпријатијата (25 проценти).

**Слика 8 Моментален начин на работење на претпријатијата**




*Извор: Анкета на претпријатијата.*

Главните предизвици со кои се соочиле македонските претпријатија поради КОВИД-19 се следниве: намалување на можноста на претпријатијата да го понудат вообичаениот асортиманот на стоки или услуги (изјавиле 45 проценти од претпријатијата); послаба доверба во партнерите од синџирот на снабдување (38 проценти), и прекини во наоѓање суровини, како што изјавиле 35 проценти од претпријатијата (Слика 9). Релативно голем број претпријатија пријавиле намалување на можноста да најдат одредени вештини/експертиза и обука за вработените (вклучувајќи учество на обуки, работилници и семинари). Околу четвртина од претпријатијата изјавиле дека имало зголемување на заостанати залихи и резерви на стоки (иако еднаков број пријавиле намалување). Додека асортиманот на стоки и услуги е главниот единствен вид на влијание врз ММСП, главниот предизвик за големите претпријатија се суровините и репро-материјалите.

**Слика 9 Очекуваното влијание на КОВИД-19 и соодветните мерки за спречување и контрола за различни елементи од деловното работење**




*Извор: Анкета на претпријатијата.*

Во врска со влијанието на КОВИД-19 врз профитабилноста на претпријатијата, 87 проценти од претпријатијата пријавиле намалување на профитот, по што следуваат 85 проценти од претпријатијата со загуба на приходи. Околу 78 проценти од претпријатијата пријавиле намалување на продуктивноста и неможност да ги остварат целите на деловното работење за 2020 година (Слика 10), додека 47 проценти од претпријатијата пријавиле дека немаат промени во расходите за ИТ, иако многу претпријатија се соочиле со намалување на логистичките трошоци (45 проценти од испитаниците).

**Слика 10 Влијанието на КОВИД-19 врз финансиската успешност на претпријатието, во однос на 2019 година**




*Извор: Анкета на претпријатијата.*

Сите анкетирани претпријатија презеле некакви мерки како одговор на КОВИД-19. Повеќето од нив ги намалиле работните часови (61 процент), што е очекувано со оглед на намалениот обем на работа и нарачки за претпријатијата, како и полицискиот час (Слика 11). Околу 28 проценти од претпријатијата направиле измени на пристапот за клиентите и/или добавувачите или спровеле иновативни решенија (на пример, се префрлиле на онлајн продажба), а 24 проценти го смениле начинот на работење (во смени). Овие измени во голема мерка биле под влијание на мерките за спречување на ширењето и борба против пандемијата. Во периодот на најограничено движење во првите две недели во април, полицискиот час траеше од 16.00 до 05.00 наредниот ден, а најдолгиот полициски час траеше 84 последователни часа во текот на продолжен викенд. Слично, во согласност со владините одлуки и/или плановите на претпријатијата за непредвидени ситуации само ограничен број работници може да го делат истиот работен простор, со пропишано растојание од 2 метри меѓу двајца работници (тоа треба да се применува секаде каде што е можно).[6] При длабинските интервјуа, трговците на мало изјавиле дека тие морале да го променат начинот на кој ги изложуваат производите во нивните продавници за да се овозможи поголем простор за купувачите и да се избегне купувачите да бидат премногу блиску едни до други додека купуваат. Владините мерки и рестрикции, како и внатрешните планови на претпријатијата за непредвидени состојби довеле до зголемени трошоци за работењето на деловните субјекти. Честите професионални дезинфекции на производствените или изложбените простојки предизвикале дополнителни трошоци за многу деловни субјекти. Слично на тоа, претпријатијата мораа да набават заштитни маски за своите вработени, кои ги немаше на залиха во одредени периоди и/или цената им се зголеми.[7]

6 Некои производствени претпријатија изјавиле дека морале да го организираат работењето така што на секој работник што влегувал во претпријатието му се мерела телесната температура.

7 Цената на најевтините заштитни марки се зголеми повеќе од десеткратно во текот на пандемијата, како и во други земји.

**Слика 11 Мерки преземени од претпријатијата како одговор на пандемијата**




*Извор: Анкета на претпријатијата.*

Претпријатијата преземале различни активности поврзани со нивниот персонал како одговор на пандемијата. Многу од нив работењето го организирале од дома и од далечина, или пак направиле промена во организирањето на работниот процес така што работниците работат на секои две недели. Во некои претпријатија, работниците додека биле дома го користеле платениот годишен одмор (владата тоа го промовираше, преку уредба). Исто така, некои признале дека иако досега не отпуштиле работници, тоа се чини единствената опција во иднина.

На Слика 12 е прикажано дека најчесто применуваната мерка од страна на претпријатијата во однос на вработените е намалувањето на работните часови, што ја спроведуваат 69 проценти од претпријатијата. Потоа следува платеното отсуство (43 проценти). Околу 9 проценти од претпријатијата изјавиле дека едноставно отпуштиле вработени. Поголема е веројатноста малите и големите претпријатија да отпуштиле вработени (11 проценти од двете категории го направиле тоа), додека само 7 проценти од микро-претпријатијата и 8 проценти од средните претпријатија отпуштиле вработени. Ова се чини дека е малку контраинтуитивно, бидејќи микро-претпријатијата пријавиле најголемо намалување на приходите, а отпуштиле најмалку работници, но, тоа може да се објасни со фактот дека вработените за сопствена сметка доминираат во структурата на микро-фирми, па сопственикот нема кого да отпушти.

Секторската анализа покажува дека секторот градежништво и трговија најчесто ја користеле мерката за скратување на работните часови на вработените: 80 проценти од претпријатијата од овие сектори пријавиле дека ја користеле таа опција. На тоа влијаат два поголеми фактори: i) полицискиот час им забрануваше на претпријатијата да работат попладне (поради тоа, тие мораа да ја организираат работата во една смена[8]), и ii) намалениот обем на работа/продажба поради пониската потрошувачка и побарувачка на одредени производи.

8 Некои производствени капацитети можеле да работат во текот на полицискиот час со посебни дозволи, иако и тие имале проблеми со превозот на работниците и слично.

**Слика 12 Мерки што претпријатијата ги презеле во врска со нивните вработени**




*Извор: Анкета на претпријатијата.*

Од претпријатијата што отпуштиле работници, најголем дел (10 проценти) отпуштиле 1-10 проценти од работната сила, додека 4 проценти изјавиле дека отпуштиле над 40 проценти од вработените (Слика 13).

**Слика 13 Претпријатијата што отпуштиле вработени, по процент на отпуштени работници**




*Извор: Анкета на претпријатијата.*

Околу 43 проценти од испитаниците изјавиле дека доколку тековната состојба продолжи, тие најверојатно ќе го затворат претпријатието најмногу за 3 месеци, а дополнителни 7 проценти изјавиле дека можат да преживеат помалку од еден месец (Слика 14).

**Слика 14 Отпорност на претпријатијата**




*Извор: Анкета на претпријатијата.*

Постојат големи разлики во одговорите според големината на претпријатието: најмалку се отпорни микро и малите претпријатија од кои повеќе од 50 проценти (53 проценти од микро-претпријатијата, и 57 проценти од малите претпријатија) не можат да продолжат со работа повеќе од 3 месеци ако ситуацијата продолжи (Слика 15).

**Слика 15 Најмалку отпорни претпријатија, според големината**




*Извор: Анкета на претпријатијата.*

Претпријатијата од секторот градежништво, транспорт, сместување и храна и професионални, научни и технички дејности се најмалку отпорни на кризата. Дури 62,5 проценти од претпријатијата во првите два сектори пријавиле дека не би можеле да преживеат подолго од 3 месеци ако тековната состојба продолжи, а истото се однесува и на 56,7 проценти од претпријатијата во професионалните, научните и техничките дејности.

47 проценти од анкетираните претпријатија имаат сопствени средства или пристап до надворешни финансии што би можело да им помогне да закрепнат (Слика 16). Но, има голема разлика според големината на претпријатијата, и само 37 проценти од микро и малите претпријатија имаат пристап до надворешни извори на финансии, наспроти 70 проценти од средните и 78 проценти од големите претпријатија. Оваа информација е корисна за креаторите на политики кога креираат оптимални политики за сите претпријатија (поделени според големината). Најмалку веројатно е градежните и трговските претпријатија да имаат сопствени средства или пристап до надворешни финансии: помалку од 40 проценти од претпријатијата во овие сектори изјавиле дека можат да пристапат до средства или имаат сопствени финансии за да ја надминат тековната криза.

**Слика 16 Претпријатија со сопствени средства или пристап до надворешни финансии, по големина**




*Извор: Анкета на претпријатијата.*

За три четвртини од сите претпријатија, субвенциите на плата се многу корисни како форма на владина поддршка (Слика 17). Останатите два корисни видови поддршка се одложувањето и/или олеснувањето на даночните плаќања (за 48 проценти од анкетираните претпријатија) и пристапот до заеми по поволни услови од државните институции (49 проценти). Значењето на субвенциите на платата е речиси исто за претпријатијата од сите големини, и е најзначајниот вид поддршка. Сепак, има незначителни разлики кај другите видови поддршка според големината на претпријатието. Конкретно, пристапот до субвенционирани заеми е многу позначаен за микро и малите претпријатија (значаен за речиси половина од нив) во споредба со средните и големите претпријатија. Даночните олеснувања се многу позначајни за средните претпријатија. Исто така, значителен дел (44 проценти) од големите компании ја истакнаа потребата од поголема флексибилност во работните односи. Овие наоди се значајни за препораките за политики.

**Слика 17 Приоритетни владини мерки за поддршка идентификувани од претпријатијата (до три можни одговори)**




*Извор: Анкета на претпријатијата.*

Исто така, претпријатијата имаа можност да дадат дополнителни коментари за видот поддршка што им е потребен или што го очекуваат од Владата. Нивните коментари најчесто се однесуваат на следново:

- Потребни се повеќе ниско-каматни или бескаматни кредити за да се одржи ликвидноста и да се надополни паричниот тек на претпријатијата.
- Треба да се обезбеди поддршка и за март, бидејќи проблемите и кризата почнаа на почетокот на март (владините мерки важат од април и мај 2020 година).
- Претпријатијата бараат поголемо разбирање и поддршка од банките, во форма на мораториум на плаќањето кредити.
- Намалување на рестрикциите за вработените на кои им беше дозволено да останат дома и нормално функционирање на институциите и евентуално покривање на трошоците што ги трпат претпријатијата за овие вработени.
- Треба да има поголема транспарентност во критериумите и одлуките донесени од владините институции за антикризните мерки (еднакви можности за сите деловни субјекти што се пријавиле).
- Потребни се посебни мерки насочени кон големите компании кои се големи извозници; нивните потреби се различни од оние на микро и малите претпријатија кои првенствено работат на домашниот пазар (како што се кафе-баровите и обложувалниците).
- Претпријатијата навеле некои мерки што можат да бидат многу корисни за нив, иако не се поврзани со пандемијата. Тие вклучуваат намалување на парафискалните трошоци (вклучувајќи лиценци, разни дозволи, итн.), еднаков третман на сите деловни субјекти и владеење на правото, и подобра и поефикасна јавна администрација.

# 4. Владина поддршка за претпријатијата

Според очекувањата на Владата,[9] околу 87 проценти од претпријатијата во Северна Македонија ќе се квалификуваат за користење на поддршката субвенција на плата во облик на исплата на минимална нето плата по вработен, со што ќе се опфатат околу 250.000 работници. Исклучени се компаниите кои се соочиле со пад на приходите под 30 проценти во април, во споредба со 2019 година, и оние во кои просечната плата на 10 проценти од најплатените работници надминува 2.000 € (видете Прилог). Ограничените критериуми за квалификуваност (особено оние поврзани со програмата за субвенции на плати) се чини дека исклучија некои компании на кои им беше потребна помош.

Се чини дека Владата делува со претпоставката од околу 40.000 компании, број кој е многу помал од официјалните податоци за бројот на активни деловни субјекти, но веројатно го исклучува земјоделството и јавните претпријатија, меѓу другите. Освен тоа, Владата проценува дека дополнителни 53.000 работници (работни места) ќе се поддржат со субвенцијата за плати во облик на 50 проценти од социјалните придонеси за платите на работниците. Оваа поддршка не е во форма на грант: од претпријатијата се бара да го вратат применоит износ на субвенции доколку не се исполнат одредени услови (видете Прилог, мерка II.в).

46 проценти од анкетираните компании аплицирале за владина поддршка. Што се однесува до големината на претпријатието, нема посебен шаблон. Микро-претпријатијата (со 49 проценти позитивни одговори) и средните претпријатија (47 проценти) изјавиле дека се пријавиле или размислуваат да се пријават за мерките за државна помош. Оваа инциденца е многу помала кај средните претпријатија (40 проценти). Што се однесува до секторите, претпријатијата од секторот транспорт, сместување и храна се оние кои најверојатно би се пријавиле за поддршката (63 проценти изјавиле дека ќе го направат тоа), додека ИТ компаниите и друштвата што нудат финансиски услуги најмалку би се пријавиле. Овие наоди се во согласност со очекувањата и сериозноста на влијанието на кризата врз различни сектори.

**Слика 18 Удел на претпријатија што аплицирале за владините мерки за поддршка, според големина**




*Извор: Анкета на претпријатијата.*

9 Објавено на официјалната интернет страница: https://koronavirus.gov.mk/en.

На Слика 19 се дадени ставовите на испитаниците за критериумите за квалификуваност за владините програми за поддршка. Иако треба да се истакне дека во текот на спроведувањето на анкетата, некои критериуми беа сменети, како што е времето (бројот на месеци) за кое работодавачите што ги користат субвенциите за плата ќе мора да ги задржат работниците на работа (се намали од четири на два месеци), барањето да не отпуштаат работници, итн.[10] Работодавачите најмногу се жалеа на барањето да го задржат истиот број на вработени до септември (како што изјавиле 45 проценти од претпријатијата). Потоа следува обврската да не се намалат платите на работниците (36 проценти) и тоа дека поддршката се нудеше само на оние претпријатија кои евидентирале пад на приходите во 2020 година од најмалку 30 проценти споредено со просечните приходи во 2019 година (36 проценти). Последниот критериум може да доведе од исклучување од програмата на претпријатија кои направиле големи инвестиции во 2019 година и очекувале и проектирале големо зголемување на нивните приходи во 2020 година (односно, тие не се соочиле со пад на приходите во споредба со 2019 година, туку со пад во споредба со планираните приходи). Тука главно спаѓа брзорастечкиот високотехнолошки сектор и технолошки-напредните извозници, односно претпријатија што сè уште не се стабилизирале. Податоците по големина на претпријатијата покажуваат дека големите компании (70 проценти), средните (58 проценти) и малите претпријатија (50 проценти) не биле задоволни од критериумите за задржување на истиот број на вработени. За микро-претпријатијата, пак, најпроблематичен критериум е задржувањето на истата плата за нивните вработени.

**Слика 19 Незадоволство на претпријатијата со критериуми за квалификуваност за владините програми за поддршка**




*Извор: Анкета на претпријатијата.*

10 Тоа се промени неколку пати, временскиот период за споредување на работниците се смени (со што им се даде можност на претпријатијата да ги вратат на работа отпуштените работници и потоа да ги користат мерките); критериумите колку работници можат да се отпуштат и од кои причини, исто така, беа сменети, односно додадени дополнително.

Претпријатијата би имале најголема корист од поддршката од банките и финансиските институции во форма на намалување на каматата за заемите за ликвидност. Тоа го изјавиле 48 проценти од испитаниците (Слика 20). Претпријатијата, исто така, би го поздравиле одложувањето на плаќањата на кредитите за период од шест месеци и намалувањето на каматите стапки за инвестициските заеми. Иако нема шаблон во одговорите според големината на претпријатијата, сепак, големите (48 проценти од испитаниците) и малите претпријатија (40 проценти ) посебно ја истакнуваат потребата од пониски каматни стапки на инвестициските заеми. Ова може да е сигнал за нивната подготвеност и волја да инвестираат во иден напредок во овие тешки времиња. За микро и средните претпријатија, најкорисна поддршка од комерцијалните банки би биле пониски стапки на заемите за ликвидност.

**Слика 20 Вид поддршка од банките и финансиските институции што би била најкорисна за претпријатијата**




*Извор: Анкета на претпријатијата.*

# 5. Препораки за политиките

## Препораки за политики

Наодите од анкетата на претпријатијата даваат систематски доказ за обемот и начините на кои пандемијата ги погоди македонските претпријатија. Владата треба да ги разгледа следниве мерки за поддршка на претпријатијата:

- **Проширување на финансиските опции за претпријатијата со зголемување на нивниот пристап до (субвенционирани) заеми за ликвидност**

– На претпријатијата им се потребни повеќе заеми за ликвидност. Претпријатијата изразиле огромна потреба од заеми за ликвидност (бескаматни или со ниска каматна стапка) од Владата за да ја зачуваат работата во овој тежок период, и за да ги задржат вработените на работните места. Микро-претпријатијата покажуваат најмала отпорност на кризата: тие се најмногу погодени (измерено според падот на нивните приходи), а исто така, најмала е веројатноста да имаат сопствени средства да го надминат периодот на намалена активност. Оттука, тие имаат најголема потреба од (субвенционирани) средства за ликвидност. Исто така, претпријатијата се жалат дека платежната дисциплина опаднала (и од јавниот и од приватниот сектор, што е дополнително црпење на нивните финансии).

- **Олеснување на пристапот на претпријатијата до субвенции за плати и други видови на владина поддршка преку поинклузивни и транспарентни критериуми за квалификуваност**

– Субвенциите за плати се најкорисниот вид владина поддршка. Сепак, претпријатијата би сакале поблаги критериуми за пристап до субвенциите за плата (како и до другите мерките за поддршка од Владата). Овој, донекаде ограничувачки критериум за квалификуваност исклучува многу претпријатија од поддршката која им е многу потребна, како што е високотехнолошкиот сектор („стартапи“) и технолошко-напредните претпријатија што се големи извозници.

– Доброто искуство од другите земјите покажува дека е корисно (во однос на поголема застапеност на претпријатија во програмата) да се прошири квалификуваноста и критериумите да станат попрактични. На пример, намалувањето на приходите може да се споредисо „разумно еквивалентен месец/период“ наместо со просекот во 2019 година. Или пак, може да се заснова на предвиденото намалување на приходите (15-30 проценти), што може да се докаже со откажани нарачки, или со тоа што биле присилени да затворат четири недели или слично, што ќе ја прошири квалификуваноста на претпријатија што сè уште не се соочиле со реална загуба, во споредба со минатата година. Исто така, претпријатијата бараат со субвенциите да им се надомести за втората половина на март, и истите да се продолжат по јуни, што е во согласност со меѓународните практики. Претпријатијата исто така бараат транспарентни критериуми за мерките за поддршка и еднакви можности секое претпријатие да добие поддршка.

- **Забрзување на враќањето во нормала во однос на услугите и административните функции што институциите треба да ги обезбедат како поддршка на претпријатијата**

– Ова може да ја наметне потребата од инвестиции во дигитални решенија за да се олесни ефикасноста и побрзо враќање во нормала, а кои нема да додадат

дополнителен товар врз претпријатијата. Главните предизвици за претпријатијата не се поврзани со пандемијата, туку тие се поврзани со „вообичаената" средина. Дури и во овој тежок период, тие бараат праведен и правичен, функционален систем, со ефективна јавна администрација, „нормално" функционирање на државните институции, владеење на правото, итн.

- **Понатамошно подобрување на деловната средина за да можат претпријатијата да се справат со кризата и побрзо да закрепнат**

– Кризата, во суштина, ја засили потребата од поволно деловно окружување, со мал административен товар за претпријатијата, за да можат да се справат со новите предизвици на пандемијата, наместо да трошат време и енергија на редовните активности. Испитаниците често спомнуваа критики за неефикасната јавна администрација. Претпријатијата бараат дополнително намалување и повторно оценување на потребата за многу од парафискалните трошоци. Иако Владата направи исчекор во таа насока како дел од првиот пакет антикризни мерки, претпријатијата бараат уште. Потребно е ревидирање и на трошоците за разни дозволи и одобренија.

- **Зајакнување на и разновидни владини мерки за поддршка во согласност со конкретните потреби на претпријатијата**

– Деловната заедница бара поодлучни и поразновидни мерки од Владата како поддршка на деловните субјекти и економијата. Потребни се посебни мерки насочени кон големите компании кои се големи извозници, бидејќи нивните потреби се различни од оние кои првенствено работат на домашниот пазар (како што се кафе-баровите и обложувалниците). Постојат мислења дека тековната владина поддршка е помалку корисна за некои претпријатија и дека се потребни нови мерки. Една опција е одложувањето или олеснувањето на плаќањето данок. Претпријатијата побараа одложување на ДДВ за 6 месеци, што е особено значајно за оние претпријатија што немаат пристап до други владини програми за поддршка.

– Претпријатијата бараат олеснување на рестрикциите за вработените на кои им беше дозволено да останат дома, бидејќи тоа го попречува редовното работење на некои претпријатија.

# Прилог: Мерки за политики донесени во Северна Македонија[11]

## I Пакети за економска поддршка за стимулирање на економијата

### I.a Фискални политики[12]

- Пренасочување на вишокот средства од сметките на јавните агенции кон буџетот за борба против КОВИД-19.
- Прераспределување на финансирањето од ЕУ за борба против КОВИД-19.[13]
- Сите избрани и именувани функционери да примаат минимална плата (= 260 УСД) во април и мај 2020 година. Меѓутоа, одлуката беше поништена од Уставниот суд.
- Претседателите и членовите на управни и надзорни одбори на јавни институции нема да примаат надомест за времетраењето на кризата.
- Вработените во јавниот сектор не добиваат регрес за годишен одмор за 2020 година.
- Привремена забрана за нови вработувања во јавниот сектор, освен за потребниот персонал во здравството и другите сектори важни за борба против пандемијата.
- Претпријатијата во државна сопственост да ги намалат трошоците за 15 проценти во 2020 година.
- Намалување на законската затезна камата за 50 проценти.
- Ослободување од месечни авансни плаќања на данокот на доход.

### I.б Монетарни политики

- Народната банка на Република Северна Македонија ја намали референтната стапка за пресметување на основната каматна стапка на 1,75% (= намалување од 0,25%).
- Намалени задолжителни резерви за нови или репрограмирани заеми на најпогодените компании.
- Регулаторни олеснувања во однос на процените на ликвидноста (управување со кредитен ризик).
- Укинување на надоместоците за повлекување и враќање на пари во централниот трезор.

11 Освен ако не е поинаку наведено во фуснота, информациите дадени во следниве четири табели се од: https://www.ilo.org/global/topics/coronavirus/country-responses/lang--en/index.htm#MK,

12 Владата донесе одлука претседателите и членовите на управните и надзорните одбори на јавните институции во извршната и локалната власт, како и претседателите на општинските совети, и претседателите и членовите на комисиите основани од извршната и локалната власт кои, истовремено се вработени, да не добиваат надоместок за времетраењето на кризата. Оваа одлука ќе важи додека Владата не одлучи да ја укине. Оваа мерка не се однесува на лицата што не се вработени и за кои тоа е единствениот извор на приход.

13 https://un.mk/wp-content/uploads/2020/04/SITREP-UN-MK-04-COVID-19-02-April-2020.pdf, p.1

- Уредба што им овозможува на банките да ги одложат кредитите на нивните клиенти за да нема потреба од физички контакт.

## II Поддршка за одредени сектори, претпријатија и задржување на работните места

### II.а Поддршка за одредени сектори

- Сите царински давачки за клучни производи се укинати за времетраењето на пандемијата предизвикана од КОВИД-19.[14]
- Замрзнување на цените на производите од основна потреба, како што се
  - храна: леб, сол, масло, млеко и млечни производи, јајца, брашно, месо и тестенини
  - лекови
  - средства за дезинфекција

  на нивото на цените кои овие производи ги имале на денот кога СЗО прогласи појава на пандемија (освен ако не се увезуваат по повисоки цени).
- Извозот на пченица и брашно е забранет за време на вонредната состојба.
- Земјоделците се ослободени од ограничувањата на движењето за да учествуваат во бербата.[15]
- Предлог за трансфер на 1,3 милиони УСД во Фондот за туризам (за поддршка на туристичкиот сектор).[16]
- Одгледувачите на тутун добија субвенции од околу 32,5 милиони УСД.[17]
- Финансиска поддршка за одгледувачите на зелка за да се стабилизира пазарот.[18]

### II.б Поддршка за претпријатија и деловен континуитет

- 13,7 милиони ЕУР за заеми на микро, мали и средни претпријатија со 0 проценти каматна стапка преку Развојната банка.
- Министерството за финансии и Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) работат на финансиско-технолошки решенија за олеснување на административните процеси за ММСП.[19]
- Работодавачите кои добиваат финансиска поддршка, нема да мора да ја вратат оваа поддршка, доколку пријаваат загуба за 2020 година.

За останатите, повратот на средствата е ограничен на 50 проценти од добивката пред оданочување зголемена за издатоци кои подлежат на данок.

- 56,5 милиони УСД за заеми со ниски каматни стапки за заштита на ликвидноста на претпријатијата.
- Забранети стечајни постапки за време на кризата и шест месеци потоа.

---

14 https://un.mk/wp-content/uploads/2020/03/SITREP-UN-MK-1-COVID19-18-Mar-20.pdf, стр.1
15 https://un.mk/wp-content/uploads/2020/04/SITREP-UN-MK-04-COVID-19-02-April-2020.pdf, стр.2
16 https://un.mk/wp-content/uploads/2020/03/SITREP-Final-2.pdf, стр.2
17 https://un.mk/wp-content/uploads/2020/04/SITREP-UN-MK-07-COVID19-22-April-2020-compressed.pdf, стр.1
18 https://un.mk/wp-content/uploads/2020/04/SITREP-UN-MK-08-COVID19-29-April-2020.pdf, стр.2
19 https://un.mk/wp-content/uploads/2020/04/SITREP-UN-MK-08-COVID19-29-April-2020.pdf, стр.1

- Откажување на авансно плаќање на ДДВ за три месеци (април-јуни) за најпогодените компании.
- Одложување на плаќањето на персоналниот данок на доход и данокот на добивка за три месеци за претпријатијата кои ќе пријават загуба > 40%.[20]

### II.в Спроведување мерки за задржување на работните места

- Финансиска поддршка за приватниот сектор да ги задржи вработените на платен список:
  - минимална плата од 260 УСД по вработен за април и мај 2020 година, или
  - субвенционирање на 50 проценти од задолжителните социјални придонеси.

Ова е условено со задржување на истиот број вработени до јули (првично, барањето беше поставено до септември, но потоа беше изменето).

Ова правило не се однесува на работниците кои добиле нето месечна плата поголема од 715 УСД во изминатите три месеци.

Претпријатијата кои се соочиле со пад на приходи под 30 проценти и оние во кои повеќе од 10 проценти од најплатените работници во просек заработуваат повеќе од 2.000 евра не се квалификуваат за поддршка (при што вториот услов не се однесува на субвенционираните придонеси за социјално осигурување).

Мерката, исто така, ги опфаќа вработените за сопствена сметка (трговци поединци), медиумскиот сектор, спортските работници и хонорарните уметници.

Оваа поддршка не е во форма на грант, туку од претпријатијата се бара да го вратат применонот износ на субвенции доколку не се исполнат одредени услови. Поголемите компании треба да ја вратат добиената поддршка.[21] Другите претпријатија ќе треба да ги вратат субвенциите ако остварат добивка во 2020 година (до 50 проценти од добивката). Но, ако компанијата нема даночен долг, била профитабилна во претходните две години и ги реинвестира субвенциите во подобрување на работниот процес или во развој на вештините на работниците, тогаш нема да ја врати поддршката.

Претпријатијата од најпогодените сектори (транспорт, туризам и угостителство) кои имаат чиста даночна историја и немаат даночни долгови можат да ги комбинираат овие две мерки. Другите претпријатија може да изберат за која мерка ќе аплицираат.

## III Мерки за заштита на работниците

- Законот за извршување е суспендиран до крајот на јуни 2020 година.
- Извршителите се должни да престанат да преземаат мерки за извршување дотогаш.

### Надоместок во случај на невработеност и социјална заштита

- Надоместоци во случај на невработеност за лицата кои ги изгубиле своите работни места поради КОВИД-19, до 50% од просечната плата на вработените и до 80% од просечната плата во земјата. Правилата за квалификуваност и времетраењето на надоместокот се исти како и при “нормални” времиња.

---

20 https://un.mk/wp-content/uploads/2020/03/SITREP-Final-3.pdf, стр.2

21 (https://koronavirus.gov.mk/wp-content/uploads/2020/05/Finansiska-poddrska-za-rabotodavac-ite-MF-Update.pdf)

- Брз пристап до социјална заштита за оние без работа или кои се дел од неформалната економија за април и мај 2020 година.
  Тие ќе добиваат во просек 125 УСД по домаќинство.
- Одложување на плаќањето на закуп за оние кои живеат во социјални станови.

**Пристап до платено отсуство (платено од работодавачите)**

- Ослободување од работни обврски за:
  - Еден од родителите на деца до 10-годишна возраст
  - Лица со хронична болест
  - Бремени жени
  - Лица со попречености[22]

## IV Останати мерки

**Социјален дијалог**

- Втор пакет мерки договорени со социјалните партнери за време на седницата на Економско-социјалниот совет одржана на 31 март 2020 година. Социјалните партнери заеднички изјавија дека главниот приоритет во моментов е здравјето и животот на работниците и граѓаните, но КОВИД-19 не смее да доведе до криза на пазарот на трудот. Работниците не смеат да бидат присилени да ја платат сметката за мерките и последиците од пандемијата.
- И Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ), како и организациите на работодавачи на Македонија беа задоволни од дискусиите на состанокот за вториот пакет мерки.

**Други мерки и финансии**

- Солидарен фонд за КОВИД-19[23] за собирање донации за справување со кризата.
- 192 милиони УСД од ММФ за справување со кризата предизвикана од КОВИД-19 и осигурување макроекономска стабилност.[24]
- Одобрен пристап до Европскиот солидарен фонд за набавка на опрема од земјите-членки на ЕУ.[25]

---

22 https://koronavirus.gov.mk/en/governments-measures
23 https://un.mk/wp-content/uploads/2020/04/SITREP-UN-MK-04-COVID-19-02-April-2020.pdf, стр.2
24 https://un.mk/wp-content/uploads/2020/04/SITREP-UN-MK-06-COVID19-15-April-2020.pdf, стр.1
25 https://www.covid19healthsystem.org/countries/northmacedonia/livinghit.aspx?Section=4.1%20Health%20financing&Type=Section